**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отвора Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците АбдуладиВЕјсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салију, Ајше Селмани, Фадил Сулејмани, Тахир Хани, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Кенан Хасипи, Хади Незири, Владо Бучковски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери и Мандух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

(Пратеникот Мендух Тачи се јавува дека е присутен).

Мендух Тачи е тука.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 75 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија , господин Бранко Црвенковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, предложените кандидати за заменици министри во Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија, заради разгледување на Предлогот за именување заменици министри во Владата на Република Македонија.

Во предлогот на дневниот ред го внесов и Предлогот на одлуката за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи итноста Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Итноста и неопходноста за ставање на дневен ред на оваа точка се состои, на оваа Предлог одлука се состои во следново:

Редовната Четврта сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа за 2006 година ќе се одржи од 2-6 октомври 2006 година во Стразбург-Франција.

Најдоцна до 25 септември 2006 година треба да биде доставена акредитација за определување на Делегацијата, потпишана од претседателот на Собраниеот на Република Македонија, со мандат од октомври 2006 година до јануари 2007 година. Доколку акредитацијата не биде испратена до овој датум, ратификацијата на акредитацијата нема да биде разгледувана на оваа сесија, туку на првата наредна сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа или на состанокот на Постојаниот Комитет на Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Од тие причини предлагам оваа Предлог-одлука да биде ставена во дневниот ред на оваа седница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за гласале 84, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 86 пратеници, гласале 86, за гласале 85, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1.Именување заменици министри во Владата на Република Македонија.

2.Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели во Собранието на Република Македонија.

3.Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 86 пратеници, гласале 85, за гласале 83, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Треба да ве известам дека овој час добив информација дека премиерот ќе стигне за неполни десет минути.

Премиерот беше зафатен со неодложни протоколарни работи.

Според тоа, предлагам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 11,40 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 1-Именување заменици министри во Владата на Република Македонија.**

Предлогот за именување заменици министри ви е доставен,

Ве потсетувам дека именувањето заменици министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето ќе го извршиме по предлогот во целина со јавно гласање.

Отворам претрес.

Има збор премиерот господинот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, почитувани гости сакам да укажам со оглед на тоа дека имавме опсежна расправа при избор на министри, во однос на експозето, денеска нема да одам со некое експозе, затоа што политиките на новата Влада и политиките кои што се спроведуваат од оваа Влада, од министрите, заменициите министри, практично се веќе изнесени во овој Парламент, дискутирани и анализирани и во таа насока сакам да укажам дека практично оние политики за кои што зборувавме на денот на прифаќањето на министри и на целата Влада, се истите политики кои што треба да се спроведуваат и по изборот на замениците министри во Владата, односно тие ќе треба исто така да учествуваат со нивниот личен придонес, личен капацитет, кон остварување на онаа програма и оние политики кои што беа презентирани во ова Собрание, политики кои што исто така беа презентирани во предизборната кампања и за кои што оваа политичка гарнитура доби поддршка од граѓаните на Република Македонија на 5 јули.

Сакам да укажам дека исто така, верувам дека избраниот тим на заменици министри ќе ја изврши својата улога, својата задача, бидејќи тие имаат доволно искуство, образование, знаење и дека ќе се справат со предизвиците кои што претстојат пред нив. Ќе имаат добра и успешна соработка со министрите кои што го водат министерството и дека ќе помогнат во натамошниот развој на државата во секторите во кои се назначени. Верувам во нивниот капацитет, верувам во нивното искуство, како работно, така и животно искуство и уверен сум дека овој тим заедно со министрите и другите луѓе кои што ќе делуваат во владината гарнитура дека ќе спроведе успешни политики во државата, како на економски, така и на политички план за сите приоритети за кои што претходно зборувавме кога беше експозето и програмата на Владата претставена пред Парламентот, како на економски така и на политички план, на планот на остварување на реформите во здравството, образованието, социјалата, спроведувањето на Рамковниот договор, односно неговото довршување и сите други, да не ги набројувам повторно, бидејќи можам да ги пропуштам ако одам на вредносно набројување.

Во таа насока, јас повикувајќи се на програмата која што ја достави Владата, повикувајќи се и на искуството на замениците министри, на нивното образование и тн., ве молам и ве повикувам да го поддржите предлогот за заменици министри на Владата на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за именување заменици министри во Владата на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 84 пратеника, 67 гласаа за, воздржани еден, 16 гласаа против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Врз основа на резултатите од гласањето констатирам дека Иљаз Халими е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана.

Рефет Елмази е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

Сашо Василевски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

Зоран Петров е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи.

Предраг Трпески е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии.

Киро Спанџев е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Перо Димишоски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Владимир Лазаревиќ е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство.

Јован Лазарев е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

Ајдуван Мамудов е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Сенат Оџовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа.

Слободан Деспотовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

Скендер Паљоши е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Соња Лепиткова е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Дозволете ми од мое и ваше име да им го честитам именувањето на замениците министри и да им посакам успешна работа. (Аплауз).

Сега давајќи пауза од 15 минути, ги повикувам замениците министри во салата на Комисијата за уставни прашања да дадат свечена изјава.

(По паузата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 2-Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас во име на пратеничката група на СДСМ ќе ја поддржиме оваа одлука, која е во рамки на Деловникот, членот 20 и се надеваме дека ВМРО-ДПМНЕ, преку вашиот глас, понудата што ја доставивте до СДСМ ќе остане уште во сила и после донесувањето на оваа одлука.

Во интерес на доевропеизација на Парламентот во Република Македонија и во инерес на градење на конструктивни односи овде во Парламентот. (Благодарам).

**Љубиша Георгиевски:** Дали има некој друг за збор? (Нема).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 79 пратеник.

За одлуката гласаа 78, нема против, воздржан еден.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на потпретседатели во Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3-Предлог на одлука за избор на шеф, членови и замениц и на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 82 пратеника, за гласаа 82,воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за ибор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 12,15 часот)